
ОПШТИНА
ШТИП
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА ШТИП



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани,
Почитувани пријатели,

Во изминатиот четиригодишен мандат решававме проблеми, реализиравме проекти, правевме промени. Мојата програма за работа беше обврска и должност кон секој еден од вас – граѓанин на нашата општина Штип. Денес стојам пред вас со јасна цел – да ја продолжиме започнатата работа, да го надградиме она што е направено и да го издигнеме Штип на уште повисоко ниво.

Штип не е само град, тој е симбол на историја, на култура, на универзитетски дух и одлична енергија. Во изминатите години направивме многу: уредивме улици, изградивме спортски и културни содржини, обезбедивме подобри услови за учениците и студентите, поддржавме нови инвеститори и креиравме можности за младите. Но, знаеме дека може уште повеќе и уште подобро.

Верувам дека Штип има сила да биде вистински развоен центар на Источна Македонија. Ќе продолжиме да инвестираме во инфраструктурата, во водната и канализациската мрежа, во модерни училишта и градинки. Ќе го поддржиме стопанството и земјоделците од околните села со нови програми и соработки. Ќе вложуваме во спортот, културата и младите, затоа што тие се нашата иднина.

Ќе работиме чесно и отчетно – секој денар ќе биде вложен во јавен интерес. Ќе соработуваме со Владата и институциите, со стопанските комори, со дијаспората, со универзитетот, со младите и со сите граѓани што сакаат да придонесат за подобар Штип.

Сè што ќе направиме – ќе биде за секое дете што расте во овој град, за секој млад човек што сака да ја гради својата иднина тука, за секое семејство што има потреба од поддршка и за секој граѓанин што верува дека Штип може и мора да биде уште поуспешен, поуреден и подостоинствен град.

За Штип што останува тука – за нас и за нашите деца.

Со почит,
Иван Јорданов

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Весна Ушинова - Носител на листа
2. Никола Костадинов
3. Весна Кожинкова
4. Стојан Коцев
5. Добрила Черќезова
6. Стефан Михаилов
7. Васка Тулиева-Бицевска
8. Фиданка Тодосова
9. Атанас Крстовски
10. Иван Коцев
11. Стојна Московска
12. Димитар Белиќ
13. Мирјана Ефремова
14. Благој Цонев
15. Ангелко Ристов
16. Величе Николова
17. Лидија Трендафилова
18. Даниел Јовевски
19. Наташа Мусева
20. Тамара Сандева
21. Даниел Денков
22. Даниела Стојанова
23. Катерина Кирова



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ

## Изградба на Спа-центар „Кежовица“

Ќе го изградиме најголемиот и најмодерен спа-центар во Македонија во непосредна близина на бањата Кежовица. Истиот ќе биде препознатлив по исклучително лековитата вода, а со тоа Штип ќе се впише на мапата на градови со развиен бањски туризам.

## Универзитетски клинички центар Штип

Општина Штип ќе ги создаде сите потребни просторни, правни, урбанистички и комунални услови за да се доизгради и пушти во употреба Клиничкиот центар во Штип, капитален проект на Владата на Македонија. Овој проект ќе значи одлични услови за медицинска нега на нашите сограѓани – пациенти, современи услови за работа на медицинскиот персонал и Медицинскиот факултет и нови работни места за граѓаните на Штип.

## Нов објект за студентите на Универзитетот во Штип

Општина Штип ќе ги создаде сите потребни просторни, правни, урбанистички и комунални услови за да се испланира, изгради и пушти во употреба објект за студентски дом и просторни услови за Медицинскиот факултет при Универзитетот во Штип, капитален проект на Владата на Македонија.

## Реконструкција на водоводната мрежа на улиците „Еврејска“ и „Питу Гули“

Водоводната линија на улиците **„Еврејска“** и **„Питу Гули“** е стара и дотрајана и претставува сериозен проблем за жителите, поради честите дефекти и големите загуби на вода. Ќе ја замениме целата инфраструктура за да се обезбеди стабилно и квалитетно водоснабдување.

## Изградба на Дом за стари лица

Со отворањето на Домот за стари лица ќе се обезбеди сместување, помош и поддршка на повозрасните граѓани и тоа од страна на стручни лица. Пензионерите ќе добијат згрижување, исхрана, облека, здравствена заштита и други услуги во зависност од потребите на корисниците, како и вонсемејна заштита.

## Изградба на ученички дом

Во соработка со Министерството за образование и наука веќе се прават подготовки за оспособување на постоечките просторни капацитети, кои ќе бидат пренаменети во

ученички дом. Со овој проект ќе се намалат трошоците на училиштата и родителите, а учениците ќе имаат поголем успех во средното образование.

### Булеварско уредување на влезот на градот

Со изградба и продочжување на бул. Гоце Делчев(фаза 1 од крстосница за влез во универзитет Гоце Делчев до кружен тек

### Изградба на бул. Партизанска и ул. Сремски фронт

Со формирање на кружна крстосница

### Поставување на урбана опрема

За уредување на парковска површина "Парк покрај бања Кежовица"

### Изградба на улица бр.1

(Тодор Коларов -Мирче Ацев)

### Конзервација и реставраторски работи

и делумна реконструкција на Акрополот на тврдина ИСАР во Штип

### Scada систем

За водоснабдителен систем за град Штип и надградба и интеграција со Гис систем



# А. МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Модерната инфраструктура е темел за развој на секоја општина и предуслов за подобар квалитет на живот. Со вложувања во нови сообраќајни решенија, современи паркинг-простори, стабилно водоснабдување и уредени јавни површини, Штип ќе се развива како функционален, безбеден и привлечно уреден град. Овие проекти ќе овозможат полесно движење, подобри услови за домување и нови можности за локален економски раст.

## Поврзување на населбите Баби и Балканска

Сообраќајниот метеж од индустрискиот дел на градот, кој во најфреквентните часови го успорува движењето низ останатите урбани населби, ќе стане минато. Овозможувајќи директна сообраќајница од населбата **Баби** до населбата **Балканска**, ќе го намалиме времето за патување кон работа и трошоците на граѓаните.

## Изградба на паркинг-простор во централното градско подрачје

Во непосредна близина на општинската зграда ќе изградиме паркинг-простор на неколку нивоа, со што ќе го зголемиме бројот на паркинг-места на територијата на Општина Штип.

## Изградба на нова платформа за паркирање

Општина Штип ќе добие нова платформа за паркирање, со која ќе се зголеми бројот на паркинг-места во централното градско подрачје. Истата ќе биде позиционирана на најкритичните точки во градот, со што ќе се анулира недостатокот од паркинг-места.

## Изградба на кружен тек на пресекот на булеварот „Гоце Делчев“ и улицата „Д-р Слободан Јовановски“

Со цел да се намали сообраќајниот метеж и да се зајакне безбедноста во сообраќајот, на спорната крстосница кај Мал одмор ќе се изведе ново сообраќајно решение со кружна крстосница. Истото ќе овозможи брз проток на возила и безбедност на пешаците.

## Реконструкција на водоводната мрежа во населба Три Чешми

Секоја населба во Штип ќе добие квалитетно водоснабдување. Конечно ќе се решат проблемите на жителите во населбата **Три Чешми**, кои долги години имаат слаб притисок, затоа што ќе овозможиме приклучување на Линија 2.

## Изградба на водоводна линија од Пребег до Плуждино

За да добиеме стабилен водовод, ќе го поврземе резервоарот **Мерите** со населбата **Плуждино**. Овој проект е од витално значење за индустриската зона **Плуждино** и самата населба, затоа што тоа е единствениот начин овој дел од градот нормално да функционира.



# Б. ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Грижата за животната средина и енергетската ефикасност е инвестиција во иднината на нашата општина. Со обновување на фасадите, поставување соларни панели, уредување на јавни површини и воведување современи еколошки решенија, ќе создадеме поздрава и поодржлива средина. Целта е да изградиме зелена и чиста општина во која граѓаните ќе живеат поквалитетно и ќе плаќаат помали трошоци за енергија.

## ➤ Обновување на фасадите во центарот на Штип и во Ново Село

Нашиот град конечно ќе добие уникатен и репрезентативен изглед на фасадите на улиците **Ванчо Прке**, **Намата**, **Плоштад Слобода**, **Кирил и Методиј** и **кеј Маршал Тито**. Освен тоа, ќе се изврши реконструкција на фасадите во **Ново Село** за историската населба да блесне во целосен и заслужен сјај.

## ➤ ЕНЕРГЕТСКИ ФАСАДИ ЗА ЈОУДГ „Вера Циривири Трена“ и ЈОУДГ „Астибо“

Овие градинки ќе добијат енергетско ефикасни фасади на објектите на сите клонови, со што ќе се унапредат условите за згрижување на децата, но и ќе се влијае на намалување на потрошувачката на електрична енергија.

## ➤ РЕКОНСТРУКЦИИ ВО ООУ „Димитар Влахов“ Штип

Основното училиште во следниот период ќе добие комплетно реконструирана столарија, но и санација на кровната површина со што ќе се зголеми енергетската ефикасност на училиштето и ќе се унапредат условите за одвивање на воспитно-образовниот процес. Учениците од ова училиште ќе можат да ја користат и опцијата за продолжен престој, а оваа бесплатна опција директно ќе им помогне на нивните родители.

# В. ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

Економскиот развој е клучен двигател за подобар живот на граѓаните. Со инвестирање во туризмот, нови сообраќајни решенија и поддршка на индустриските зони, ќе создадеме услови за нови работни места и зголемување на локалната економија. Локалната стратегија има за цел да го зајакне претприемништвото, да ја поттикне конкурентноста и да го позиционира Штип како динамичен и економски просперитетен град.

## Реализација на планска документација за развој на бањскиот туризам

Бањата **Кежовица** и целиот простор во пошироката околина веќе има нова планска документација со која се предвидува раст и развој на Штип. Оваа документација предвидува изградба на хотели, старечки домови, болници, трговски единици и паркови, кои ќе бидат наменети за сите уживатели на лековитите состојки на водата, а тоа ќе придонесе Штип сериозно да се развива во сферата на туризмот.

## Изградба на забавен парк

Панорамско тркало, играчки за деца со визуелни ефекти и други футуристички содржини ќе бидат составен дел на забавниот парк. Нашиот град ќе стане единствен во Македонија кој ќе располага со место каде децата ќе имаат можност да влезат во поинаков свет.

## Изградба на адреналински парк

Продолжуваме со изградба на нови забавни содржини за сите генерации. Составен дел на **Дино паркот** ќе биде адреналинскиот парк, во кој ќе има реквизити за сите генерации, а за спортистите ќе биде поставена вештачка карпа на која секојдневно ќе ги унапредуваат своите вештини.

## Поврзување на населбите Баби и Балканска

Сообраќајниот метеж од индустрискиот дел на градот, кој во најфреквентните часови го успорува движењето низ останатите урбани населби, ќе стане минато. Овозможувајќи директна сообраќајница од населбата **Баби** до населбата **Балканска**, ќе го намалиме времето за патување кон работа и трошоците на граѓаните.

## Изградба на водоводна линија од Пребег до Плуждино

За да добиеме стабилен водовод, ќе го поврземе резервоарот **Мерите** со населбата **Плуждино**. Овој проект е од витално значење за индустриската зона **Плуждино** и самата населба, затоа што тоа е единствениот начин овој дел од градот нормално да функционира.



# Г. ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

Младите се иднината на нашата општина, а квалитетното образование е најголемата инвестиција што можеме да ја направиме. Со подобрување на условите во училиштата и градинките, отворање нови образовни и креативни содржини и поддршка на младинските иницијативи, ќе обезбедиме генерации кои ќе бидат подготвени за предизвиците на современото време. Целта е да изградиме средина во која секое дете и млад човек ќе има еднаква шанса за успех.

## НОВА ФАСАДА НА ООУ „Ванчо Прке“ Штип

Ова основно училиште ќе добие нова енергетски ефикасна фасада на централната зграда, со што, освен унапредување на енергетската ефикасност на училиштето, ќе се влијае и на естетиката на централното градско подрачје.

## НОВИ ПРОСТОРИИ ЗА ООУ „Тошо Арсов“

Училиштето ќе добие дополнителни простории, со што ќе се овозможи едносменска настава, но и организирање на продолжен престој како опција која произлегува од барањата на родителите на учениците од ова училиште.

## НОВИ ПРОСТОРИИ ЗА ООУ „Славејко Арсов“

Училиштето, со цел овозможување едносменска настава како политика на Министерството за образование и наука, а во насока на зголемување на престојот во училиштата, ќе добие дополнителни простории. Во ова училиште ќе бидат поставени и соларни панели, со што ООУ **„Славејко Арсов“** Штип ќе биде првото училиште што комплетно би се затоплувало или ладело со користење соларна енергија.

## СОЛАРНИ ПАНЕЛИ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ООУ „Гоце Делчев“

Училиштето ќе добие соларни панели и реконструкција на фасадата, со што ќе се зголеми енергетската ефикасност на училиштето. Во училиштето ќе биде реконструирана и спортската сала, со што ќе се унапредат условите за одржување на часовите по физичко образование, но и ќе се создаде капацитет за активно спортување на граѓаните.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“

Гимназијата, како училиште во централното градско подрачје, ќе биде реконструирана во делот на столаријата, со поставување на нова енергетски ефикасна. Соларните панели исто така ќе бидат реалност, а училиштето ќе добие и нова енергетски ефикасна фасада, со што ќе се унапреди дополнително естетиката во централното градско подрачје. Пред спортската сала ќе биде поставена настрешница, а учениците ќе добијат и ученички дневни соби со меки софи, bean-bag столици и ниски масички.

## ФАСАДА ВО СОУ „Јане Сандански“ Штип

Како училиште што е медицински центар на истокот, ќе добие енергетски ефикасна фасада со цел комплетирање на активностите кои беа спроведени во претходните години.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО СОУ „Димитар Мирасчиев“

Штип ќе добие надворешно игралиште и работилница, промена на влезните врати во ходниците и пристапна рампа за сите оние кои имаат предизвик за пристап во училиштето.

Детските градинки, основните и средните училишта во Штип ќе бидат вклучени во проектот **„Safe city“**, со што ќе се зголеми безбедноста како на децата и учениците, така и на сите вработени во овие установи. Во насока на зголемување на безбедноста, ќе се унапреди и осветлувањето околу училиштата со нови енергетски ефикасни светилки.



# Д. ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

Дигитализацијата е основа за модерна, ефикасна и транспарентна општина. Со примена на нови технологии, воведување дигитални алатки во образованието и развој на системи за безбедност и паметни услуги, ќе го олесниме секојдневието на граѓаните и ќе ја зголемиме ефикасноста на институциите. Целта е Штип да стане пример за општина која чекори во чекор со современите трендови и ја користи дигиталната трансформација за подобар квалитет на живот.

## Проект „Safe city" за детските градинки, основните и средните училишта

Детските градинки, основните и средните училишта во Штип ќе бидат вклучени во проектот **„Safe city"**, со што ќе се зголеми безбедноста како на децата и учениците, така и на сите вработени во овие установи. Во насока на зголемување на безбедноста, ќе се унапреди и осветлувањето околу училиштата со нови енергетски ефикасни светилки.

## Обезбедување дигитални услуги за граѓаните

Во соработка со Владата и меѓународни партнери, ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво.

## Е-СЕДНИЦИ НА СОВЕТ

Ќе воведеме електронски седници на Советот со целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник ќе има електронски пристап до материјалите, дневниот ред, записниците и можност за учество, гласање и дискусија без хартија, со можност за онлајн вклучување и целосна електронска евиденција.

## Дигитални клубови за ученици

Согласно со брзиот технолошки развој на современото општество, во основните училишта ќе се формираат клубови за роботика, вештачка интелигенција и дигитализација на наставата. Целта на овие клубови е учениците да стекнат практични знаења и вештини преку користење на нови технологии, дигитални алатки и материјали, со што ќе се поттикне креативноста, иновативноста и примената на дигитални решенија во образовниот процес.



# Ѓ. ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

Културата е душата на секоја заедница и огледало на нејзиниот идентитет. Поддршката на културните настани и манифестации значи збогатување на општествениот живот, поттикнување на креативноста и афирмација на талентите. Со вложување во културното наследство и создавање нови културни содржини, ќе ја зајакнеме улогата на Штип како град со богата традиција и современ културен израз.

## Општинска установа за култура „Дом на млади“

Реконструкција и пренамена на магацински простории во уметничка галерија и придружни содржини. Реконструкција и модернизација на санитарните јазли, со цел подобрување на комфорот и стандардите за посетителите. Рок на изведба: 2027 година.

## Поддршка на ансамбли и културно-уметнички друштва

Ќе обезбедиме континуирана поддршка за ансамблите и културно-уметничките друштва во Општина Штип, кои со своето долгогодишно дејствување претставуваат живи чувари на македонската традиција, музика и фолклор.

## Креативен фестивал „Вешти раце и идеи“

Проектот има за цел да го поттикне учеството на граѓаните од сите возрасти во културните настани и да го збогати културниот живот во општината. Преку низа активности ќе се организираат:

креативни работилници на отворено за деца (Креативни деца),

креативни работилници за возрасни (Вешти раце),

едукативни работилници за природата и светот околу нас (спој на образование, култура и наука).

## „Уметност на отворено“

Поставување уметнички инсталации, мурали и скулптури низ централните улици и плоштади. Преку вклучување на локални уметници, ученици и студенти од факултети за уметност, градот ќе се претвори во живо културно платно и ќе се поттикне младинската креативност.



# Е. ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

Туризмот претставува една од најголемите можности за развој и промоција на Штип. Со искористување на природните богатства, културното наследство и современите туристички содржини, ќе го позиционираме градот како атрактивна дестинација за домашни и странски посетители. Поддршката на локалниот туризам ќе донесе нови работни места, ќе ја зајакне економијата и ќе создаде нови можности за промоција на нашата општина.

## Изградба на Спа-центар „Кежовица“

Ќе го изградиме најголемиот и најмодерен спа-центар во Македонија во непосредна близина на бањата Кежовица. Истиот ќе биде препознатлив по исклучително лековитата вода, а со тоа Штип ќе се впише на мапата на градови со развиен бањски туризам.

## Реставрација на Саат-кулата

Културното наследство ќе биде во фокусот во наредниот период. Покрај останатите објекти кои се историски белег на нашиот град, ќе се реставрира и познатата **Саат-кула**, која ќе даде дополнителна вредност на нашиот град.

## ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

Проектот вклучува сликање и цртање со ликовни уметници, вклучување на децата и изложба на делата.

## Ноќ на музеите и галериите во Штип

Отворање на сите локални музеи, галерии и културни простори една вечер во годината, со бесплатен влез, специјални изложби и настани. Овој проект ќе ја зајакне културната понуда и ќе привлече домашни и странски туристи.



# Ж. ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Силна општина се гради со грижа за најранливите категории и обезбедување квалитетни социјални и здравствени услуги. Со поддршка на лицата со попреченост, повозрасните граѓани и семејствата во социјален ризик, ќе изградиме систем што обезбедува достоинствен живот за сите. Целта е да создадеме општина која се грижи за секој поединец, со услуги достапни, современи и прилагодени на потребите на граѓаните.

## Центар за рехабилитација за деца/лица со попреченост

Во Центарот за рехабилитација во Општина Штип ќе бидат вклучени 24 деца и возрасни лица со интелектуални, ментални, телесни или сетилни попречености и нивните семејства. Со функционирањето на Центарот за рехабилитација ќе се реши долгогодишното патешествие на семејствата на децата/лицата со попреченост, кои досега биле принудени да бараат рехабилитациони третмани надвор од државата.

## Отворање две хетерогени групи во населба Македонка

Во населбата **Македонка** ќе бидат отворени две хетерогени групи за деца на возраст од 2 до 6 години, каде што ќе се згрижуваат деца од населбите **Балканска**, **Чардаклија** и **Железничка**. Со вклучувањето на децата во воспитно-згрижувачкиот простор, ќе придонесеме за поголема социјализација, развој и полесно вклучување во образовниот процес.

## Развивање на услугата „Помош и нега во домот“

Корисници на услугата ќе бидат лица со најтешка попреченост, комбинирана попреченост со највисок степен, потполно слепи лица, стари лица со навршени 65 години и други лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе.

## Дневен престој за стари лица со активно стареење

Корисниците на услугата ќе бидат стари лица на возраст над 65 години кои живеат сами или со ограничена поддршка од семејството, имаат ограничена мобилност или хронични заболувања. Ќе добијат социјална поддршка, здравствена грижа, психолошка поддршка, активности за забава и едукација и подобрена безбедност.

## Изградба на Дом за стари лица

Со отворањето на Домот за стари лица ќе се обезбеди сместување, помош и поддршка на повозрасните граѓани од страна на стручни лица. Пензионерите ќе добијат згрижување, исхрана, облека, здравствена заштита и други услуги, во зависност од нивните потреби.

## Развивање на услугата „Лична асистенција“

Оваа услуга ќе придонесе за независно и самостојно живеење на лицата со попреченост (физичка, интелектуална или комбинирана), овозможувајќи им активно и рамноправно учество во заедницата и општеството во целина. Личните асистенти ќе обезбедат поддршка за секојдневно функционирање, согласно со индивидуалните потреби на корисниците.



# 3. ИНВЕСТИРАМЕ ВО СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

Спортот е двигател на здравиот живот и заедништвото. Со вложувања во спортска инфраструктура, поддршка на младите таленти и создавање можности за рекреација на сите генерации, ќе поттикнеме развој на здрави навики и активен начин на живот. Нашата цел е Штип да стане општина која ги охрабрува спортот и рекреацијата, како темели на здрава и витална заедница.

## ➤ Изградба на нова трибина на Градскиот стадион

Општина Штип ќе добие уште една трибина и со тоа нашиот Фудбалски клуб **„Брегалница“** ќе го има најголемиот стадион во Источна Македонија. Овој дел од градот ќе стане препознатлив спортски и деловен центар, каде што граѓаните ќе го минуваат своето слободно време.

## ➤ Реконструкција на спортската сала во ООУ „Гоце Делчев“

Училиштето ќе добие реконструирана спортска сала, со што ќе се унапредат условите за одржување на часовите по физичко образование, но и ќе се создаде капацитет за активно спортување на граѓаните.

## ➤ Надворешно игралиште во СОУ „Димитар Мирасчиев“

Ќе биде изградено ново надворешно игралиште и работилница, со што ќе се подобрат условите за учениците и ќе се овозможи активно спортување и рекреација.

## ➤ Програма за спортски стипендии за талентирани ученици

Опис: Општина Штип ќе воведе систем на спортски стипендии за млади талентирани спортисти од основните и средните училишта. Стипендиите ќе им овозможат подобри услови за тренинг, натпревари и развој на спортската кариера. Со оваа поддршка ќе се поттикнат младите да се занимаваат со спорт и ќе се создаде основа за идни спортски успеси на национално и меѓународно ниво.

## ➤ Фитнес и рекреативни паркови на отворено

Опис: Поставување современи фитнес-справи и рекреативни зони на отворено во повеќе населби во Штип. Овие паркови ќе бидат достапни за сите генерации и ќе овозможат промоција на здрав живот, физичка активност и дружење на граѓаните во пријатна средина.

# S. СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Соработката со граѓанските организации е клуч за создавање општина во која гласот на граѓаните се слуша и се почитува. Преку партнерства со здруженија, невладини организации и локални иницијативи, ќе обезбедиме поголема транспарентност, активно учество на заедницата и заедничко креирање на приоритетите. На тој начин, општината ќе стане поотворена, поодговорна и поблиска до потребите на граѓаните.

## Поддршка на родителските совети и локални невладини организации

Општината ќе воспостави систем на редовна соработка со родителските совети и невладините организации во областа на образованието, со цел поголема вклученост на заедницата во унапредување на воспитно-образовниот процес и безбедноста на учениците.

## Вклучување на граѓанските организации во културните активности

Преку партнерство со културни здруженија и локални иницијативи ќе се поддржат фестивали, изложби и настани со цел збогатување на културниот живот во општината.

## Граѓански иницијативи за животна средина

Во соработка со здруженија за екологија и одржлив развој ќе се организираат акции за чистење, пошумување, селекција на отпад и едукативни работилници за екологија.

## Општински фонд за поддршка на граѓански иницијативи

Формирање фонд преку кој невладини организации, спортски клубови, младински здруженија и културни друштва ќе можат да аплицираат за мали грантови за своите локални проекти (екологија, култура, спорт, социјална заштита). Со оваа мерка ќе се стимулира активизмот и ќе се создаде партнерство помеѓу општината и граѓанскиот сектор.

## Волонтерски центар Штип

Основање локален волонтерски центар во соработка со младински организации. Центарот ќе го координира учеството на млади и возрасни во волонтерски активности – културни манифестации, спортски настани, социјална поддршка и акции за животна средина. Ова ќе го поттикне граѓанскиот активизам и солидарноста во заедницата.

ВМРО-ДПМНЕ